РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-3290/3
07.08.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 31-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 29.07.2024 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, м-р Ивона МУфишева, м-р Арбен Саити, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски ја отвори 31-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:05 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за", го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од прво продолжение на 29-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 23.07.2024 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 8-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.07.2024 година.
3. Усвојување на Предлог-записник од 30-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.07.2024 година.
4. Усвојување на Предлог-записник од прво продолжение на 8-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 24.07.2024 година.
5. Усвојување на Предлог-записник од прво продолжение на 30-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 24.07.2024 година.
6. Предлог-одлука за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар.
7. Разно.

Точка 1

Советот на Агенцијата го разгледа и со 5 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-ѓа Машовиќ, го усвои предложениот Записник од првото продолжение на 29-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 23.07.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 5 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-ѓа Машовиќ, го усвои предложениот Записник од 8-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.07.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 5 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-ѓа Машовиќ, го усвои предложениот Записник од 30-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.07.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 4**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од прво продолжение на 8-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 24.07.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 5**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од прво продолжение на 30-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 24.07.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот-Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска ја образложи Предлог-одлуката за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар. Објасни дека наведениот радиодифузер во законски утврдениот рок го нема платено годишниот надоместок за дозволата за радио емитување. За таа намена на 19ти јули оваа година беа уплатени финансиски средства на сметката на Агенцијата во износ колку и годишниот надоместок меѓутоа од страна на друго физичко лице. Согласно Законот за платежни услуги и платни системи, физичко лице не може да изврши плаќање за правно лице, и од таа причина Агенцијата изврши поврат на овие средства на 23 јули. Наведе дека денес е крајниот рок од дополнителните 15 дена во

кој што требаше да изврши уплата за надоместокот и бидејќи тоа не е сторено се предлага одземање на дозволата. По одземањето, одлуката се објавува во Службен весник на Република Северна Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во два дневни весници, од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

Г-дин Петрушевски праша дали е позната причината зошто радиодифузерот не уплатил како правно лице, дали можеби му е блокирана сметката?

Раководителката Љубевска објасни дека согласно разговорот што го имале колегите од Секторот за финансии, радиодифузерот објаснил дека неговата сметка е блокирана и ќе направи напори да му се деблокира за да го плати надоместокот, но до денес не е извршена уплата.

Г-дин Петрушевски хипотетички праша доколку денес Советот ја усвои Одлуката за одземање на дозволата на ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар, дали има можност преку суд да ја поврати дозволата?

Раководителката Љубевска објасни дека тоа е вообичаена постапка согласно Законот, радиодифузерот доколку сака може да поднесе тужба за поведување Управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од нејзиниот прием, да ги подмири сите потребни трошоци и во тој случај може да му се врати дозволата.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување, Уп1 бр.08-437 од 15.08.2016 година на Трговското радиодифузно друштво БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар, поради неплатен годишен надоместок за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок – 30 дена од денот на приемот на фактурата бр.2024-100-0151 од 10.06.2024г. (наш арх.бр.05-2680/1 од 10.06.2024г.).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во два дневни весници, од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

**Точка 7**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**